ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ВОДОВОД" ц.о.
Ndermarrja publike "VODOVOD" c.o.
Бр.Nr. 05-139/15
20.02.2018 год. viti
КУМАНОВО – KUMANOVE

Друштво за производство,трговија и услуги
ФОРТУНА ГРУП ДОО
Бр. 0307-350/18
26.02 2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

**За јавна набавка и испорака на полиетиленски и полипропиленски цевки , ПВЦ цевки и спојни елементи за нив, Дел 2-Полипропиленски водоводни цевки и спојни елементи за нив , Дел 3- ПВЦ водоводни цевки и спојни елементи за потребите за потребите на ЈП ВОДОВОД Куманово за период од 1(една) година.**

Склучен на ден 20.02.2018 година помеѓу:

1. ЈП ВОДОВОД Куманово, со седиште во Куманово на ул. Фетка Наскова бр. 22 во Куманово застапувано од Горан Стојковски Директор, во понатамошен текст: Договорен орган, и

2. Друштво за производство,трговија и услуги ФОРТУНА ГРУП ДОО Скопје со ЕМБС 6609384, со седиште на ул. Лазар Поптрајков бб Скопје, застапувано од Управителот Сашко Јованов, во понатамошен текст: Носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка и испорака на полиетиленски и полипропиленски цевки , ПВЦ цевки и спојни елементи за нив, **Дел 2-Полипропиленски водоводни цевки и спојни елементи за нив и Дел 3- ПВЦ водоводни цевки и спојни елементи за нив** за потребите на ЈП ВОДОВОД Куманово за период од 1 година, согласно техничката спецификација и прифатената понуда заведена под архивски број 05-139/7 од 22.01.2018 година, по одлука за јавна набавка бр. 05-2048/1 од 28.12.2017 год., по оглас бр. 25/2017 и одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-139/12 од 06.02.2018 година.

Спецификацијата на предметот на набавката по вид, количини и квалитетет е дадена во понудата заведена под архивски број 05-139/7 од 22.01.2018 година, која е составен дел на овој договор.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вредноста на набавката од член 1 на овој договор изнесува 629.297,54 денари со пресметан ДДВ, односно вкупна вредност без ДДВ 533.303,00 денари и ДДВ на износ од 95.994,54 денари или поединечно по делови:

Вкупна вредност без ДДВ за дел 2 – 69.201,00 ден.(со ДДВ 81.657,18 и ДДВ 12.456,18)
Вкупна вредност без ДДВ за дел 3 – 464.102,00 ден.(со ДДВ 547.640,36 и ДДВ 83.538,36)

Договорниот орган нема обврска да го порача предметот на набавката во вкупните количини наведени во спецификацијата од член 1од Договорот.

**Член 3**

Единечните цени за дел 2 ќе се пресметуваат со соодветно намалување кое е еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда заведена под број 05-139/7 од 22.01.2018 година, на носителот на набавката (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата, соглано извештаите на е-аукциите), односно намалени за 53,3600 %.

Единечните цени за дел 3 ќе се пресметуваат со соодветно намалување кое е еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда заведена под број 05-139/7 од 22.01.2018 година, на носителот на набавката (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата, соглано извештаите на е-аукциите), односно намалени за 46,1857 %.

Пресметаните цени се без засметан данок на додадена вредност и се фиксни, непроменливи за целото времетраење на договорот.

## ОБВРСКИ НА НАСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува предметот на набавката да го испорача сукцесивно, најдоцна во рок од 7 (седум) дена од денот на писмена порачка од страна на Договорниот орган, на локација на објекти на ЈП Водовод Куманово, со паритет франко објекти на ЈП Водовод Куманово.

Испораката на стоките се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

Во колку поради ненавремена испорака од страна на Носителот на набавката ќе предизвикаат штетни последици кај Договорниот орган истиот може да бара и надомест на штета.

## КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да врши испорака на предметот на набавката опишан во Член 1 од овој Договор согласно со квалитетот и техничките специфкации (барања), карактеристики наведени во прифатената понудата заведена под архивски бр. 05-139/7 од 22.01.2018 год., како и проложените сертификати, а-тести и доставени каталози, кои се составен дел на Договорот.

Доколку квалитетот отстапува од утврдениот во овој договор, набавувачот има право да бара замена на предметот на набавката доколку е тоа можно, а доколку Носителот на набавката не ја заврши замената, Договорниот орган го задржува правото да бара надомест на штета.

**Член 6**

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавка опишан во член 1 од овој Договор, врши Договорниот орган, со документ испратница, потпишана од двете договорни страни.

Документот испратница треба да е пополнет во три примероци и мора да ги содржи истите податоци како во порачката добиена од Договорниот орган.

Квантитативниот и квалитативниот прием на предметот на набавката ќе го вршат лица овластени од страна на ЈП ВОДОВОД Куманово.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока/и.

**Член 7**

Испорака на предметот на набавката, Носителот на набавката ќе врши исклучиво врз основа на писмена порачка на Договорниот орган.

Порачката од став 1 на овој член ја издава Договорниот орган и истата треба да биде потпишана од овластено лице.

**Член 8**

Порачката за предметот на набавката ќе содржи: вид на стока и количина.

Секоја испорака на предметот на набавката од страна на Носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадената порачка или ќе биде извршена без порачка од Договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Носителот на набавката.

## РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 9**

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши во рок од 60 (шеесет) дена од денот на испорака на предметот на набавката и прием на фактурата со целокупната пропратна, уредно заверена, документација, во архивата на ЈП Водовод Куманово.

Составен дел на фактурата е испратницата.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР

**Член 10**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е за тоа да ја извести другата договорна страна без одлагање.

**Член 11**

Доколку договорните страни не се придржуваат кон одредбите на овој Договор истиот може да се раскине.

Овој договор може да се раскине и пред истекот на времето и исполнувањето на износот за кој е склучен ако:

- економскиот оператор ги промени цените;
- економскиот оператор не навремено ги испорачува стоките;
- квалитетот утврден со договорот отстапува од квалитетот на испорачаните стоки;
- ако договорниот органт не ги плаќа фактурите во утврдениот рок и
- во други случаи утврдени со Законот.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

Договорените страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорената страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот договор.

Дополнување и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорени страни.

**Член 13**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 14**

Договорените страни се согласни за се што не е предвидено со овој договор да важат позитивните законски и технички прописи, стандарди и обичаи за набавка на ваков вид на стоки.

**Член 15**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорените страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Куманово.

**Член 16**

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднакви примероци од кои по два за секоја договорена страна.

| Договорен орган | Носител на набавка |
| --- | --- |
| ВОДОВОД Ј.П. VODOVOD C.O. Јавно претпријатие - Ndermarrja publike Куманово-Kumanovë | Друштво за производство, трговија и услуги ФОРТУНА ГРУП ДОО Скопје |